


Секоја година во секое добро домаќинство доаѓа момент во текот на пролетта, кога почнуваме да ги чистиме нашите домови и градини од сите остатоци од долгата и студена зима.
Бидејќи „**СОНЧЕВА – Земјата на сонцето**“ е куќата во која живееме сите сосема е природно да направиме пролетно чистење на нашите домови, градини, улици, соседство... И тоа пролетно чистење го нарекуваме: „**ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД**“.

Заедно со нашите водечки стратешки партнери **Пивара Скопје** и **Пакомак** и нашите официјални партнери **Нула Отпад** , **Шпаркасе Банка** , **Костал** , **ЕВН** , **Макстил** , **Бучим** , **Бимилк** и **Црвен крст** , **Мен енд Маунтен** ја организираме оваа пролетна акција за чистење секој мај во период од десет години: од 2021 до 2031 година (од 30-тиот до 40-тиот роденден на нашата земја) со цел да ја **исчистиме нашата земја од отпадот од минатото и да го рециклираме во зелена иднина за нас и генерациите кои доаѓаат**.

Овогодинешната ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД ќе се одржи помеѓу **17-19 мај 2024 година во сите општини на Македонија** и во **Националниот Парк Шар Планина**.

## Поддржано од Министерството за животна средина и Министерството за земјоделство

Врз основа на меморандумот меѓу Министерството за земјоделство, Национални шуми и „Мен енд Маунтен“ од јуни 2022 година, Владата на Република Северна Македонија ја поддржува ЗЕЛЕНА СОНЧЕВА во нивните годишни планови за пошумување со **посветување на едно дрво за секои десет килограми собран отпад** за време на GENERALKA WEEKEND.

Од 2021 година, повеќе од **25.000 волонтери** од 51 општина собраа повеќе од **615.000 килограми отпад** за време на настаните GENERALKA WEEKEND.

СОНЧЕВА ГОРА

Од 2022 година **Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство заедно со Национални шуми засади повеќе од 90.000 дрвја во Велес и Петровец** и заедно со нашите партнери засадивме дополнителни **6.000 дрвја во веќе 11 општини**. Овие шуми се нарекуваат „**СОНЧЕВА ГОРА**“.

ДА ГО РЕЦИКЛИРАМЕ ОТПАДОТ ОД МИНАТОТО ВО ЗЕЛЕНА ИДНИНА!

GENERALKA WEEKEND
17-19 MAJ 2024

ДА СЕ ИЗВАЛКАМЕ И ДА ИЧИСТИМЕ!

**Посетете не на интернет:**
www.generalka-weekend.com
https://www.fb.com/groups/generalka.weekend

©2024 МЕН ЕНД МАУНТЕН ДОО – MMXX СКОПЈЕ
ПФ 821 | Славејко Арсов 58 | 1000 Скопје | РС Македонија | Европа
www.manandmountain.com | home@manandmountain.com